**2750.**

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24, бр.37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26) и во согласност со член 15 став 1 алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-4368/2од 02.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 10-та по ред седница за 2026 година, одржана на ден 16.07.2026 година, го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ШТО СЕ СОСТОИ ОД ЖИВИ ЖИВОТНИ**

Член 1

Со овој Правилник се изменува и дополнува Правилникот за постапување со одземен имот што се состои од живи животни Бр.01-717/1 од 7 февруари 2025 година објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.50/25) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за постапување со одземен имот што се состои од живи животни Бр.01-4693/1 од 30 октомври 2025 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр252/25) и тоа во членот 14-а ставот 2 , се менув и гласи:

„Пред отстапувањето на привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство или од други релевантни институции кои даваат мислење дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови“.

По став 3 од истиот член, се додава нов став 4 кој гласи:

„За привремено одземени предмети како жива стока за кои трошоците за чување се несразмерно големи и Агенцијата нема услови да ги чува поради специфичност на одземените предмети, Агенцијата веднаш по известувањето за привремено одземање на вакви предмети:

- ги дава на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделски-трговски друштва и слично) и

- обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство или од други релевантни институции кои даваат мислење дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови на Република Северна Македонија, врз основа на кое ќе одлучи дали ќе биде спроведена постапка за продавање, за отстапување или за уништување на предметите“.

Во ставот 4 кој станува став 5, запирката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите:„ како и начинот на давање на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделскитрговски друштва и слично)“.

Член 2

Во членот 14-б ставот 2 , се менува и гласи:

„Пред отстапувањето на одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство или од други релевантни институции кои даваат мислење дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови“.

По став 3 од истиот член, се додава нов став 4 кој гласи:

„За одземени предмети како жива стока за кои трошоците за чување се несразмерно големи и Агенцијата нема услови да ги чува поради специфичност на одземените предмети, Агенцијата веднаш по известувањето за привремено одземање на вакви предмети:

- ги дава на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделски-трговски друштва и слично) и

- обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство или од други релевантни институции кои даваат мислење дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови на Република Северна Македонија, врз основа на кое ќе одлучи дали ќе биде спроведена постапка за продавање, за отстапување или за уништување на предметите“.

Во ставот 4 кој станува став 5, запирката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите:„ како и начинот на давање на чување на државен орган или на правно лице кое поседува соодветни услови за чување (ветеринарна станица, земјоделскитрговски друштва и слично)“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување во сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агенцијата.

Бр. 01-3462/1
16 јули 2026 година
Скопје

Агенција за управување
со одземен имот,
Претседател на Управен одбор
**Станко Китаноски** с.р.

---

Në bazë të nenit 16 paragrafi 1 alineja 6 nga Ligji për